На 21.12.2016 година, се отпочна со реализација на градежните активности за реконструкција на кров на поранешното основно училиште Јордан Х.К. Џинот кој како јавен објект е во сопственост на општина Велес.  Поранешното основно училиште Јордан Х.К. Џинот во приземјето се планира да прерасне во детска градинка, а на горниот кат ќе прерасне во Центар за граѓански организации кои работат со лица со попреченост.

Овие градежни активности се имплементираат во рамки на проектот: “Грижа за лицата со попреченост преку обезбедување на поадекватни просторни услови за граѓанските организации за подготовка и испорака на поквалитетни услуги кои ќе ја помогнат интеграцијата на овие лица во општеството - Реконструкција на јавен објект на Општина Велес – Центар за граѓански организации кои работат со лица со попреченост ”,
кој е финансиски поддржан од Програмата за локален развој на Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП, Општина Велес и Центарот за развој на Вардарски плански регион. Како дел од овој проект, во изминатиот период беа изработени основен проект за реконструкција на кров, фасада, и промена на врати и прозорци, како и ревизија на основниот проект.







